**3652.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменувањеи дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2023 година.

Бр.08-4887/1
3 октомври 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23 и 154/23), во членот 28 став 4, по зборот „обезбеди” се додава зборот „редовна”, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „вработен во истата или во друга здравствена установа на примарно ниво на здравствена заштита.”.

По член 28 став 4 се додаваат четири нови става 5, 6, 7 и 8, кои гласат:

„Во здравствена установа со најмногу два тима, во случај на престанок на работниот однос на избраниот лекар, лекарот одреден за замена, а кој е вработен во истата здравствена установа, продолжува да дава здравствени услуги на пациентите на избраниот лекар, за што добива 70% од капитацијата за сите пациенти евидентирани кај избраниот лекар на кој му престанал работниот однос, но не подолго од шест месеци од престанокот на неговиот работен однос.

Ако во периодот од ставот 5 на овој член се вработи нов избран лекар, нововработениот лекар продолжува да ги дава здравствените услуги на пациентите од ставот 5 на овој член, освен на пациентите кои ќе изберат друг лекар.

По исклучок од ставот 5 на овој член, во здравствена установа со еден тим, во случај на престанок на работниот однос на избраниот лекар, доколку во период од шест месеци од престанокот на неговиот работен однос се вработи нов избран лекар, нововработениот лекар продолжува да ги дава здравствените услуги на пациентите на избраниот лекар на кого му е престанат работниот однос.

Во периодот од ставовите 6 и 7 на овој член, здравствената установа на нововработениот лекар добива 70% од капитацијата за сите пациенти евидентирани кај избраниот лекар на кој му престанал работниот однос, но не подолго од шест месеци од престанокот на неговиот работен однос.”.

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 9 и 10.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR**

Neni 1

Në Ligjin e Sigurimit Shëndetësor "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 dhe 171/17 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës të Maqedonisë së Veriut" numër 275/19, 77/21, 285/21, 60/23 dhe 154/23), në nenin 28, paragrafi 4, pas fjalës “sigurojë” shtohet fjala “e rregullt”, pika në fund të fjalisë, zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “i punësuar në institucionin e njëjtë ose institucion tjetër shëndetësor, në nivel primar të mbrojtjes shëndetësore.”.

Pas nenit 28, paragrafi 4, shtohen katër paragrafë të rinj 5, 6, 7, dhe 8 si vijojnë:

“Në institucionin shëndetësor me më së shumti dy ekipe, në rast të ndërprerjes së marrëdhënies së punës të mjekut të zgjedhur, mjeku i caktuar për zëvendësim, i punësuar në të njëjtin institucion shëndetësor, vazhdon t’u ofrojë shërbime shëndetësore pacientëve të mjekut të përzgjedhur, për çka fiton 70% të kapitacionit për të gjithë pacientët e evidentuar te mjeku i përzgjedhur të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës, por jo më gjatë se gjashtë muaj nga përfundimi i marrëdhënies së tij të punës.

Nëse në periudhën nga paragrafi 5 i këtij neni punësohet mjek i ri i zgjedhur, mjeku i sapopunësuar vazhdon t’u ofrojë shërbime shëndetësore pacientëve nga paragrafi 6 i këtij neni, përveç pacientëve të cilët do të zgjedhin mjek tjetër.

Me përjashtim nga paragrafi 5 i këtij neni, në institucion shëndetësor me një ekip, në rast të ndërprerjes së marrëdhënies së punës të mjekut të zgjedhur, nëse në periudhë prej gjashtë muajsh nga ndërprerja e marrëdhënies së tij të punës, punësohet mjek i ri i zgjedhur, mjeku i sapopunësuar vazhdon t’u ofrojë shërbime shëndetësore pacientëve të mjekut të zgjedhur të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës.

Në periudhën nga paragrafët 6 dhe 7 të këtij neni, institucioni shëndetësor i mjekut të sapopunësuar përfiton 70% të kapitacionit për të gjithë pacientët e evidentuar te mjeku i zgjedhur, të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës, por jo më gjatë se gjashtë muaj nga ndërprerja e marrëdhënies së tij të punës.".

Paragrafët 5 dhe 6, bëhen paragrafë 9 dhe 10.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.